ПОЛИТИКА ЗА ЗАШТИТА И БЕЗБЕДНОСТ НА ДЕЦАТА

Центар за иновации и дигитална едукација – Диг-Ед
Скопје, Република Северна Македонија

1. Цел и посветеност

Центарот за иновации и дигитална едукација – Диг-Ед е посветен на промовирање и заштита на правата, безбедноста, достоинството и благосостојбата на сите деца кои учествуваат во или се опфатени со активностите на организацијата.

Диг-Ед го признава правото на секое дете на заштита од насилство, злоупотреба, експлоатација, занемарување, дискриминација и други форми на загрозување, вклучително и ризици што произлегуваат од користењето дигитални технологии.

Организацијата применува принцип на нулта толеранција кон злоупотреба, експлоатација и несоодветно постапување со деца и се обврзува да презема превентивни мерки, навремено да ги препознава ризиците и соодветно да реагира при сомневање или пријава за загрозување на дете.

Оваа политика ги утврдува принципите, одговорностите и постапките за заштита на децата при спроведување на образовни, истражувачки и проектни активности на Диг-Ед.

2. Опсег на примена

Оваа политика се однесува на сите лица кои работат или дејствуваат во име на Диг-Ед, вклучувајќи:

- Основачи на здружението;
- Обучувачи, истражувачи, ментори и образовни експерти;
- Волонтери, консултанти и надворешни соработници;
- Претставници на партнерски организации при учество во активности организирани од Диг-Ед.

Во рамките на оваа политика, под поимот дете се подразбира секое лице на возраст под 18 години.

Политиката се применува на активности што се реализираат со физичко присуство и во дигитална средина, вклучително и образовни работилници, училишни активности, обуки, развој на дигитални образовни игри, истражувања, евалуација и онлајн комуникација.

Сите лица опфатени со оваа политика се должни да ги познаваат и почитуваат нејзините одредби.

3. Основни принципи

Најдобар интерес на детето: Безбедноста, достоинството и благосостојбата на детето имаат приоритет при донесувањето одлуки што го засегаат.

Еднаквост и недискриминација: Сите деца имаат еднакво право на заштита, без оглед на полот, возраста, попреченоста, етничката припадност, верската припадност, социјалната положба или други лични карактеристики.

Превенција: Потенцијалните ризици за безбедноста на децата се идентификуваат и се намалуваат пред и за време на реализацијата на активностите.

Учество и зајакнување: Децата добиваат информации за своите права на начин соодветен на нивната возраст и се охрабруваат да ги изразуваат своите мислења и загрижености.

Доверливост и приватност: Личните податоци и информациите поврзани со децата се заштитуваат и се споделуваат само кога постои оправдана и законска потреба.

Одговорност: Сите лица кои дејствуваат во име на Диг-Ед имаат обврска да придонесуваат за создавање безбедна средина и да пријавуваат сомневања за загрозување на дете.

4. Превенција и управување со ризици

Диг-Ед ги интегрира мерките за заштита на децата во планирањето, реализацијата, следењето и евалуацијата на сите активности во кои учествуваат деца.

Пред започнувањето на активностите, одговорниот проектен тим ги проценува потенцијалните физички, емоционални, психолошки и дигитални ризици. Проценката на ризиците се приспособува на природата на активноста, возраста на учесниците и условите во кои таа се реализира. Таа ги опфаќа безбедноста на просторот, потребниот надзор, користењето дигитални алатки, заштитата на личните податоци, пристапноста и инклузивноста, како и постапките за реагирање во итни ситуации.

Превентивните мерки вклучуваат:

- Организирање активности во безбедна средина со соодветен надзор;
- Соработка со училиштата и нивните наставници и/или стручни служби;
- Обезбедување информации за активностите на начин разбирлив за децата;
- Прибирање на потребните согласности и одобренија;
- Обезбедување пристапност и инклузивно учество;
- Почитување на приватноста и заштита на личните податоци;
- Воспоставување јасни постапки за пријавување загриженост или сомневање за загрозување на дете.

Имплементацијата на активностите што опфаќаат чувствителни теми, како вознемирување, дискриминација и родово базирано насилство, се осмислуваат на начин што го минимизира ризикот од вознемиреност, стигматизација или изложување на несоодветни содржини.

При активности што обработуваат чувствителни теми, вклучително и сајбернасилство, сексуално вознемирување, родово базирано насилство, и други форми на злоупотреба, Диг-Ед користи образовни материјали и измислени сценарија приспособени на возраста и зрелоста на учесниците.

Децата не се обврзани да споделуваат лични искуства со насилство или вознемирување и имаат право да се повлечат од чувствителни активности без негативни последици.

Образовните игри, дигиталните сценарија и другите материјали што обработуваат вакви теми се подложуваат на соодветна стручна проверка пред нивното тестирање со деца или јавно објавување, со цел да се спречи изложување на вознемирувачки, дискриминаторски или несоодветни содржини.

5. Кодекс на однесување

Сите лица ангажирани во активностите на Диг-Ед се должни да покажуваат професионално, одговорно и однесување со почит кон децата.

Тие се должни:

- Да се однесуваат со сите деца со достоинство, правичност и почит;
- Да користат позитивна, инклузивна и недискриминаторска комуникација;
- Да ја почитуваат приватноста и личните граници на децата;
- Да спроведуваат активности во соодветно надгледувана средина;
- Навремено да пријавуваат сомневања за злоупотреба или загрозување;
- Да ги почитуваат правилата за безбедна дигитална комуникација и заштита на податоците.
- Да избегнуваат индивидуални средби со деца без соодветен надзор, освен кога тоа е неопходно за реализација на активноста и се обезбедени соодветни заштитни мерки;
- Да користат исклучиво одобрени комуникациски канали за комуникација со деца во рамките на проектните и образовните активности.

Строго се забранува:

- Физичко, психолошко, емоционално или сексуално насилство;
- Понижувачко, заканувачко или дискриминаторско однесување;
- Несоодветна комуникација или однесување кон малолетници;
- Приватна комуникација со деца преку лични профили на социјални мрежи или неодобрени комуникациски канали;
- Организирање приватни средби, превоз или активности со деца надвор од договорените проектни и образовни активности, без претходно одобрение и соодветни мерки за заштита.
- Споделување лични податоци или фотографии без соодветно овластување;
- Барање од децата да откриваат лични искуства поврзани со насилство или злоупотреба;

- Игнорирање, прикривање или обесхрабрување на пријавувањето сомневања за загрозување.

Прекршувањето на Кодексот може да доведе до соодветни дисциплински или договорни мерки и, кога е потребно, известување на надлежните институции.

6. Безбедност на децата во дигитална средина

Со оглед на дејноста на Диг-Ед во областа на дигиталното образование, посебно внимание се посветува на заштитата на децата при користење дигитални технологии.

Дигиталните активности се планираат така што ќе се минимизираат ризиците од сајбернасилство, онлајн вознемирување, манипулација, изложување на штетни содржини, нарушување на приватноста и злоупотреба на лични информации.

Диг-Ед се обврзува:

- Да користи соодветни и безбедни дигитални образовни платформи;
- Да избегнува непотребно собирање лични податоци за учениците;
- Да применува поставки за приватност соодветни на возраста;
- Да обезбедува надзор од овластени возрасни лица при онлајн активности;
- Да спречува неовластена приватна комуникација меѓу возрасни лица и деца;
- Да поттикнува одговорно и однесување со почит на интернет;
- Да ги проценува ризиците при користење алатки со вештачка интелигенција, особено во однос на приватноста, пристрасноста и несоодветните содржини.

Лични податоци или чувствителни лични искуства на децата не смеат да се внесуваат во јавно достапни алатки со генеративна вештачка интелигенција.

Пред користење дигитални платформи, алатки со вештачка интелигенција и образовни игри во активности со деца, Диг-Ед ја проценува нивната соодветност во однос на возраста на учесниците, заштитата на приватноста, безбедноста на содржините и можните ризици од несоодветна комуникација или изложување на штетни содржини.

7. Одговорности за заштита на децата

Органите на здружението имаат целосна одговорност за воспоставување и одржување соодветни механизми за заштита на децата.

Диг-Ед назначува одговорно лице за заштита на децата, кое има задача:

- Да го координира спроведувањето на оваа политика;
- Да обезбедува насоки за заштита на децата;
- Да прима и документира пријави и сомневања;
- Да ги координира постапките за известување и упатување;
- Да обезбедува доверливо чување на документацијата;

- Да соработува со училиштата, надлежните институции и специјализираните организации;
- Да придонесува за подигање на свеста и обука на персоналот.

Покрај одговорното лице за заштита на децата, Диг-Ед назначува и негов заменик, кој ги презема соодветните обврски во случај на отсуство, недостапност или судир на интереси на одговорното лице.

Контакт-информациите и начините за пријавување загриженост или сомневање за загрозување на дете им се достапни на сите ангажирани лица, учесници во активностите и нивните родители или законски старатели. Проектните координатори се одговорни за интегрирање на мерките за заштита на децата во планирањето и спроведувањето на проектните активности.

Сите ангажирани лица имаат обврска да ги почитуваат одредбите од оваа политика и навремено да пријавуваат загриженост.

Доколку пријавата се однесува на одговорното лице за заштита на децата, таа се доставува до друго назначено одговорно лице или директно до надлежните институции, во зависност од случајот.

8. Постапување при сомневање или пријава за загрозување на дете

Секое сомневање, сознание, пријава или откривање информации за можно загрозување на дете мора да се сфати сериозно.

Лицето кое добило информација за можен ризик е должно:

1. Да даде приоритет на непосредната безбедност и благосостојба на детето.
2. Да го сослуша детето смирено и со почит, без поставување сугестивни прашања.
3. Да не ветува апсолутна доверливост.
4. Точно да ги забележи релевантните информации, по можност користејќи ги зборовите на детето.
5. Без одлагање да го извести одговорното лице за заштита на децата.
6. Да соработува со надлежните училишни служби и институции во согласност со законските обврски.

Кога постои непосредна опасност за детето, без одлагање се контактираат итните служби или надлежните институции за заштита на децата.

Лицата ангажирани од Диг-Ед не смеат самостојно да спроведуваат истраги за сомневања за злоупотреба или да ја утврдуваат вистинитоста на пријавите.

Информациите се споделуваат исклучиво со лица и институции кои имаат законска и професионална основа да постапуваат.

Секоја пријава или сомневање за загрозување на дете се документира во документ кој содржи информации за природата на пријавата, датумот и околностите на настанот, преземените мерки, известените лица или институции и потребните понатамошни активности.

Документацијата се чува доверливо, со ограничен пристап само за овластени лица, во согласност со важечките прописи за заштита на личните податоци. Пополнувањето на документот не смее да го одложи преземањето итни мерки за заштита на детето.

9. Информирана согласност и учество на децата

Диг-Ед обезбедува децата и нивните родители или законски старатели да добијат јасни, разбирливи и навремени информации за активностите во кои се планира учество на деца.

Кога е потребно, пред учеството се обезбедува писмена согласност од родител или законски старател, како и согласност од детето на начин соодветен на неговата возраст и зрелост.

Учеството во доброволни истражувачки и евалуациски активности не смее да биде условено со негативни последици доколку детето одлучи да не учествува.

За фотографирање, видео снимање, интервјуа и објавување материјали преку кои детето може да биде идентификувано се обезбедуваат дополнителни согласности и соодветни мерки за заштита.

Образовните активности не смеат да бараат од децата да споделуваат лични искуства со насилство, вознемирување или други чувствителни ситуации.

10. Заштита на личните податоци и доверливост

Диг-Ед се обврзува да ги заштитува личните податоци на децата во согласност со важечките прописи за заштита на личните податоци во Република Северна Македонија и релевантните европски барања.

Личните податоци се собираат само кога се неопходни за легитимни образовни, административни или истражувачки цели.

Се применуваат соодветни технички и организациски мерки за спречување неовластен пристап, губење, злоупотреба или откривање на податоците.

Податоците од истражувања и евалуации се анонимизираат секогаш кога е можно. Кога е неопходно користење идентификувачки податоци, пристапот е ограничен на овластени лица.

За секоја релевантна активност се утврдуваат правната основа за обработка, роковите за чување, правата на субјектите на лични податоци и постапките за безбедно бришење.

Прекуграничното споделување лични податоци се врши само кога е законски дозволено и кога се обезбедени соодветни мерки за заштита.

Документацијата поврзана со пријави за загрозување на деца се чува безбедно и одвоено од редовната проектна документација.

11. Соработка со училишта и партнерски организации

Диг-Ед реализира образовни активности во соработка со училишта, универзитети, невладини организации и други образовни институции.

Кога активностите вклучуваат деца, Диг-Ед ги усогласува мерките за заштита со институциите во кои се реализираат активностите.

Пред започнувањето на активностите се утврдуваат одговорностите во однос на надзорот, дозволите, комуникацијата со родителите, пријавувањето и упатувањето до надлежни служби.

За активности што се реализираат во соработка со училишта или други институции, одговорностите за заштита на децата се договараат и документираат пред започнувањето на активностите. Притоа се определуваат лицата задолжени за надзор, контактите за пријавување загриженост, начинот на комуникација со родителите и постапките за реагирање во итни ситуации. Соработката со институциите не ја исклучува одговорноста на Диг-Ед за преземање мерки во рамките на своите надлежности и законски обврски.

Во случај на сомневање за загрозување на дете, Диг-Ед соработува со наставниците и стручните служби во училиштата, надлежните институции и специјализираните организации за поддршка.

Партнерските организации и надворешните соработници кои учествуваат во активности организирани од Диг-Ед се должни да ги почитуваат договорените правила за заштита на децата.

12. Информирање на ангажираните лица

Диг-Ед обезбедува лицата кои учествуваат во активности со деца да бидат соодветно информирани за нивната заштита, што опфаќа:

- Препознавање ризици и знаци на загрозување;
- Безбедна дигитална комуникација;
- Постапување при откривање информации за насилство или злоупотреба;
- Постапки за пријавување и упатување;
- Заштита на личните податоци и доверливост;
- Етички аспекти на образовните истражувања и евалуацијата.

Пред директно вклучување во активности со деца, ангажираните лица мора да бидат запознаени со своите обврски и да потврдат дека ќе ги почитуваат.

13. Безбеден избор и ангажирање на персонал и соработници

Диг-Ед применува соодветни мерки за безбеден избор и ангажирање на лица кои во рамките на активностите на организацијата имаат директен контакт со деца.

Во зависност од природата на ангажманот и степенот на одговорност, мерките може да вклучуваат проверка на професионалните квалификации, релевантното искуство и референците, како и други проверки кога се дозволени или предвидени со важечкото законодавство.

Пред започнување на активностите со деца, сите ангажирани лица се запознаваат со Политиката за заштита и безбедност на децата и со Кодексот на однесување и потврдуваат дека ќе ги почитуваат.

Диг-Ед обезбедува соодветно информирање за заштита на децата и, кога е потребно, дополнителна обука во зависност од природата на активностите и идентификуваните ризици.

14. Усвојување и стапување во сила

Оваа Политика за заштита и безбедност на децата стапува во сила со нејзиното формално усвојување од страна на Центарот за иновации и дигитална едукација – Диг-Ед.

Сите релевантни членови, ангажирани лица и соработници ќе бидат запознаени со политиката и ќе бидат обврзани да ги почитуваат нејзините одредби.

Скопје

10.10.2024 година

Претседател на Диг-Ед:

Маја Виденовиќ

